Драги ученици!

Добредојдовте на Државниот натпревар по историја организиран од Здружение на историчари на Република Македонија!

Тестот што е пред вас се состои од 53 прашања, кои според содржините што се застапени во нив се распоредени во три дела (I, II и III).

**Првиот дел** се состои од 20 прашања и пред секое од нив стојат четири понудени одговори, под А, Б, В и Г. Секое од прашањата се вреднува со еден и пол бод. Откако ќе го изберете одговорот којшто сметате дека е точен, заокружете ја буквата којашто му претходи на тој одговор (А, Б, В или Г ).

Бидете внимателни за точен одговор комисијата ќе го смета само одговорот каде што ќе биде заокружена само една опција. Сите корекции врз првиот избор нема да бидат земени предвид!

**Вториот дел** се состои од 25 прашања со дополнување. Секое од прашањата се вреднува со два бода. Откако ќе се одлучите за дополнувањето, треба да го впишете во посочената празна линија.

Бидете внимателни, за точен одговор комисијата ќе го смета само одговорот што ќе биде надополнет првиот пат. Сите корекции врз првото надополнување нема да бидат земени предвид!

**Третиот дел** се состои од 8 прашања со наративен одговор. Секое од прашањата се вреднува со два и пол бода. Откако ќе се одлучите за одговорот, треба да го впишете во посочената празна линија. Идентично како дополнувањето во вториот дел од тестот.

Бидете внимателни за точен одговор комисијата ќе го смета само одговорот што ќе биде впишан првиот пат. Сите корекции врз првото впишување нема да бидат земени предвид!

Решавањето на тестот е дозволено само **со пенкало со сино мастило**!

Тестот се состои од вкупно 100 бода.

Пред започнување со решавање на тестот, на првата страна во горниот лев агол нужно да ги внесете вашето име и презиме, името на училиштето од кое доаѓате и името и презимето на вашиот ментор-наставник.

Откако ќе завршите со решавање на тестот, предадете им го на надгледувачите.

Времето предвидено за решавање на тестот е 90 минути.

**ВИ ПОСАКУВАМЕ УСПЕШНА РАБОТА**! 23.5.2026, СКОПЈЕ

ЗИРМ

**Име и презиме**

______________________________

**Училиште**

______________________________

**Ментор**

______________________________

| Резултат | |
|---|---|
| Вкупно бодови на тестот | Освоени бодови на тестот |
| 100 | |

## *I - Прашања со заокружување*

***(Секое прашање се вреднува со еден и пол бод)***

1. **Кој од наведениве личности бил најпознат македонски ополченец и учествувал во Руско-турската војна**?
   А) Константин Робев     Б) Константин Иванович Везенков,
   В) Ѓорѓија Пулевски     Г) Јане Сандански
2. **По чиј предлог биле формирани македонските чети кои учествувале во руско турската војна?**
   А) Александар II     Б) Стојан Везенков
   В) Илија Марков Малешевски     Г) Михаил Хитрово
3. **Каде започнала Големата источна криза?**
   А) Македонија     Б) Србија
   В) Албанија     Г) Херцеговина
4. **Сан Стефанскиот мировен договор бил потпишан на**
   А) 03.03.1878     Б) 03.04.1878
   В) 15.05.1879     Г) 10.11.1878
5. **Турските полномошници кои го потшишале прелиминарниот Санстефански мировен договор биле:**
   А) Сафет и Садула     Б) Осман и Јусуф
   В) Бурхан и Митхат     Г) Абдул и Хамид
6. **Во кој временски период се одржувал Берлинскиот конгрес?**
   А) 13.06-13.07 1878     Б) 12.04-12.05 1879
   В) 13.08-16.09 1878     Г) 01.01-10.02 1888
7. **Кој од наведените личности претседавал со Берлинскиот конгрес?**
   А) Франц Јозеф II     Б) Кајзерот Вилхелм
   В) Ото фон Бизмарк     Г) Александар II
8. **Во кој град Димитар Поп Георгиев Беровски набавувал оружје и муниција за подготовка на Разловечкото востание?**
   А) Разловци     Б) Кресна
   В) Битола     Г) Солун
9. **Согласно Берлинскиот мировен договор која од наведениве земји останала под османлиска власт?**
   А) Србија     Б) Грција
   В) Романија     Г) Македонија

ЗИРМ

10. **Кога бил кренато Разловечкото востание?**
   А) 2 август 1903 Б) 8 Мај 1876
   В) 15 јуни 1878 Г) 15 јули 1878
11. **Која од наведените територии на Берлинскиот конгрес и биле отстапени на Грција?**
   А) Тесалија и Епир Б) Егејска Македонија
   В) Солунското крајбрежје Г) Пиринска Македонија
12. **Кога избило Негушкото востание?**
   А) 03.04 1822 Б) 03.03 1822
   В) 12.10 1888 Г)13.01 1822
13. **Кој наведениве личности бил познат учесник во Првото српско востание?**
   А) Петар Ичко Б) Јован Монастерлија
   В) Дамјан Груев Г) Димитар поп Ѓорѓиев
14. **Во кој период се одвивала Кримската војна?**
   А) 1880-1887 Б) 1851-1856
   В) 1853-1856 Г) 1850-1860
15. **Началник на Штабот на Македонското востание бил**
   А) Димитар Поп Ѓоргиев Беровски Б) Иљо Малешевски
   В) Ѓорѓија Пулевски Г) Ѕочо
16. **Која од наведените титули ја добил Адам Калмиков?**
   А) Атаман Б) Војвода
   В) Началник на штаб Г) Водач
17. **Против која од наведените држави било кренато Македонското востание?**
   А) Србија Б) Грција
   В) Романија Г) Османлиската империја
18. **Каде бил уапсен и затворен Димитар Поп Георгиев Беровски во текот на Македонското востание?**
   А) Кресна Б) Софија
   В) Горна Џумаја Г)Солун
19. **Кои од наведениве членови се однесувале на Македонија во Берлинскиот мировен договор?**
   А) 53 и 54 Б) 23 и 62
   В) 30 и 40 Г) 50 и 62
20. **Во која година била формирана Привремената Македонска Влада?**
   А) 1880 Б) 1889
   В) 1890 Г) 1879

ЗИРМ

## *II - Прашања со дополнување (Секое прашање се вреднува со два бода)*

1. Во јули __ **1880** __ година европските конзули од турските власти во Солун добиле еден проглас потпишан од __ **Привремената влада на Македонија** __ .
2. Според членот __ **62** __ од Берлинскиот договор, турската влада се обврзала да ги почитува принципите на слобода на вероисповедта и недискриминацијата на христијанското население.
3. Членот __ **23** __ од Берлинскиот договор ја задолжувал Високата порта, во Македонија да го воведе Органскиот устав од __ **1868** __ година подготвен за островот __ **Крит** __ откако во него ќе ги внесе потребните измени.

4. Бугарија се мешала во работата на Македонското востание преку комитетите Единство и Братство
5. Според уставот на Македонската лига, се предвидувало Македонија да биде автономна вазална област составена од македонските етнички територии на чело со Генерал губернатор и престолнина во градот Солун.
6. Васил Дијамандиев го потпишал Манифестот од Пирин испратен на 1881 година.
7. Врз основа на уставот подарен од новиот султан Абдулхамид II, од Македонија за сенатор бил избран Георги Чаков од Струга а за пратеник во парламалентот Димитар Робев од Битола.
8. Прогласот на привремената влада на Македонија го потпишале **Васил Чомо, Анастас Димитријевиќ и Али ефенди**.
9. Членот 23 не бил спроведен на дело. Тој останал актуелен до крај и на него се повикувале раководителите на МРО.
10. Целите и борбата за запазување на самостојноста на македоснкото национално-револуционерно движење имаат најјасен израз во Македонскот востание.
11. На 25 мај Натанаил Кучевишки ги распуштил четите со што завршило Македонското востание.
12. Во 1862 година во Битола бил создаден нов револуционерен кружок на чело со Коста Топов
13. Во 1860 година жителите на градот Негуш започнале востание на чело со Коста Карабатак.
14. Во Рилскиот манастир на средба помеѓу Натанаил, Дедо Иљо Малешевски Д. Поп Георгиев Беровски и окружните руски управници на Ќустендил и Горна Џумаја, Овсјанин и Шевченко биле донесени значајни решенија за престојното востание во Македонија.
15. Автономната провинција Источна Румелија била создадена на територијата помеѓу Стара планина и Родопите.
16. Знамето на Разловечкото востание тајно го шиеле Баба Недела и Славка Караиванова.
17. Како основа за свикување на Берлинскиот конгрес се смета Лондонскиот меморандум од 30 мај 1878 година.
18. Во Русија имало високи функционери кои што биле против Санстефанскиот мировен договор. Најистакнат меѓу нив бил грофот Шувалов.
19. На 15 јануари 1878 година Коста Шуменковиќ и Деспот Баџовиќ испратиле молба до рускиот цар, да ја спаси Македонија од османлиската власт.
20. За граѓански комесар на македонските територии од кои требало да се евакуираат турските војски, бил назначен некогашниот руски конзул во Битола Михаил Хитрово
21. Негушкото востание го организирале: Зафиракис, Караташо, Ангел Гацо, Пено Наумов и други лица
22. Во Кресненското востание учествувал полјакот Луј Војткевич
23. Македонското востание е првата сериозна, помасовна македонска револуционерна, ослободителна и државотворна појава во деветнаесетиот век
24. На софискиот комитет и на Калмиков „трн во око“ им бил Стојан Карастоилов
25. Во 1880 година во западна Македонија се случил Демихисарскиот заговор или Демирхисарската буна.

*III-Прашања со наративен одговор (Секое прашање се вреднува со два и пол бода)*

1. **Која беше основната политичка причина за избувнувањето на Креснеското востание?**

Неисполнување на членот 23 од Берлинскиот договор

2. **Опиши го знамето на Разловечкото востание.**

Цеврено знаме на кое има огнен, разјарен, двоопашест некрунисан лав на жолта основа и натпис Македонија, две лесни со напис Станете да ви освобода а стоел и датум на 8 мај 1876 година

3. **Што било превидено за Бугарија со Санстефанскиот мировен договор?**

Бугарија се издига во автономно трибутарно кнежество со народна милиција и христијанска влада и се простира на површина од 164 000 квадратни километри и приближно 4 100 000 жители

4. **Објасни го континуитетот во борбата на македонскиот народ во Разловечкото и Креснeнското востание.**

Целта за слободна и автономна Македонија што не беа постигнати во разловечкото востание, македонското население продолжи да се бори да ги оствари подигајќи го Македонското востание

5. **По завршувањето на Берлинскиот конгрес, кои територии останаа под директна османлиска власт?**

Македонија, Албанија, Косово, Санџак

6. **Каков статус имаа Кнежевството Бугарија и автономната провинција Источна Румелија во однос на Османлиската империја?**

Вазални кнежества на Османлиската империја

7. **Објасни ги причините за неуспех на Кресненското востание?**

Мешањето на софиските комитети, слаботo вооружување, недоволна подготвеност, немањето меѓународна поддршка

8. **На кои простори се проширило Разловечкото востание?**

Митрашинци, Царево село, Кочанско